# Занзибар Beach Adventure

## 30. септември 2025. - 11. октомври 2025.
## 12 дена - 9 ноќи

> Одиме на Занзибар, Hakuna Matata!
>
> Авантура која дефинитивно ќе ја паметите доживотно – време е за **Занзибар Beach Adventure!!!**
>
> На оваа програма, првите денови се сместуваме во **Паџе** – најживото место на Занзибар со многу барови, ресторани и бутик хотелчиња по должината на целата плажа. Паџе е центарот на истокот и најразвиеното место на овој дел на островот. Но зошто се сместуваме на Паџе?
>
> Најпрво се сместуваме во Паџе поради неговата неверојатна атмосфера која ќе ве остави без здив, неговите преубави ресторани во бохо стил кои не потсетуваат на **Тулум** и навидум бесконечната плажа со прашкаст бел песок и тиркизно море. Но, и поради неговата местоположба на островот, **Паџе е блиску до сите најважни работи кои факултативно не смееме да ги пропуштиме.** Деновите ни се исполнети со многу плажирање на различни **егзотични плажи**, **песочни дини и пусти острови**. Ви ветуваме дека Паџе и неговата незаборавна атмосфера ќе останат во вашите спомени доживотно.
>
> Од Паџе го посетуваме **Stone Town** -- главниот град на Занзибар. Град кој никогаш не спие, каде сé е различно, забрзано, живо, шарено и фасцинантно. Stone Town е мешавина на повеќе култури – европејска, арапска, индиска и персиска. Се шетаме по тесни улички, со раскошни палати, британски вили, арапски продавнички, сé едно со друго, збиено со брегот на Индискиот океан. Дали знаевте дека познатиот фронтмен на бендот Queen - **Фреди Меркјури** е роден во Stone Town? Ја посетуваме и неговата куќа која е денес претворена во музеј. Од Stone Town продолжуваме на **Накупенда - пуст остров** (песочна дина) која од градот е одалечена само 25 минути возење со бродче. Гарантираме дека Накупенда ќе ви биде **highlight** на цело патување. Како на цртан филм, бел прашкаст песок, опколен со корален гребен и тиркизна лагуна - најегзотичната “плажа“ која ја имате видено во животот. Од Паџе одиме и во **џунгла со зачини** каде дознаваме за главната состојка на парфемот Channel no. 5 и во посета на селото **Матенде (Mtende).**
>
> Во слободно време уживаме на лежалка или пиеме пијачка во некои од најдобрите **бохо барови** на Паџе. Можеби сте прочитале дека плажата во Паџе доживува промени во плимата и осеката. За време на осека (која трае помеѓу 4-6 часа) одиме на нашите факултативни излети, се шетаме по бесконечната плажа со бел песок (песок кој не се затоплува), играме одбојка, слушаме музика, пиеме пиво и комплетно се опуштаме. Додека за време на плима имаме на располагање огромна плажа со палми, кокоси и бесконечниот Индиски океан.
>
> Ноќите ни се исполнети со вечери и уживање во некој од одличните ресторанчиња на ова место, но и безброј журки на самата

плажа. **Гарантираме дека после 4 дена и вие ќе бидете комплетно заљубени во Паџе и Занзибар!**

Патувањето го продолжуваме на северот на Занзибар во **Кендва (Kendwa)** - по сите стандарди и форуми, најубавата плажа на Занзибар - со бел прашкаст песок, палми и нереално тиркизна вода, каде плимата и осеката воопшто не се изразени, па преку цен ден можеме да уживаме и да се бањаме во ова парче рај. Плажа која се носи рамо до рамо со најдобрите плажи на Малдиви! Десетици **барчиња и клубови на плажа, добра храна, ефтино пиво и Конаги** - локална ракија од шекерна трска, еден од најпознатите производи на Танзанија. Хотелите кои ги работиме се на сама плажа. **Навечер, лежалките се повлекуваат, а во песок се ставаат маси и столчиња, се палат свеќи и оган и се вечера под отворено небо, додека свири Афричка музика.** Од Кендва одиме на **Blue Safari -** пловиме со традиционалните “dhow” чамци со кои Занзибарците пловат веќе стотици години и уживаме во бистрата тиркизна вода, тропското сонце, егзотичното овошје и магичните мали островчиња од Занзибарскиот архипелаг.

**Африканска приказна полна со адреналин, хедонизам и авантура! Одиме?** ”

**План и програма**

**Ден 1: Состанок на патниците и поаѓање**

Состанок на патниците на Меѓународниот Аеродом во Скопје два часа пред лет. Лет од Скопје за Истанбул. Пристигнување во Истанбул. Конекција на лет за Занзибар (Zanzibar).

**Превоз**
Авио билет со сите такси на релација Скопје - Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**
Скопје, Истанбул

**Ден 2: Пристигнување на Занзибар (Zanzibar) и факултативен излет - Paje Village Tour**

Пристигнуваме на Занзибар (Zanzibar) во раните утрински часови и имаме трансфер до сместувањето во Паџе (Paje), туристичко место на источниот дел на островот. Паџе е живо, но сепак спокојно место, познато по својата неверојатна природна убавина, преубави ресторани во бохо стил и навидум бесокнечна плажа со прашкаст бел песок и тиркизни води. Пристигнуваме во Паџе од **4-9 часот наутро**, во зависност од нашата авиокомпанија. Можност и за ран check-in (регуларен check-in е во 14:00 часот), **доколку нашите соби се спремни и во нив нема туристи кои заминуваат истиот ден** Во меѓувреме одиме во Mr. Kahawa, lounge бар на самата плажа -- пиеме кафе и имаме информативен состанок со нашиот претставник од агенцијата кој ни ја раскажува програмата и ни кажува технички работи кои би требале да ги знаеме на патувањето (каде да смениме пари, каде да пазариме, каде има најдобро јадење, каде и кога има добра забава итн.) Остатокот од времето го поминуваме на лежалка, комплетно опуштени, уште во неверување каде се наоѓаме :) По check-in се освежуваме и започнуваме со нашиот прв излет -- Paje Village Tour. **Паџе**, неверојатно шармантно место, кое важи за туристички центар на источниот брег на Занзибар, кој иако не е толку развиен како северниот, има еден **посебен шмек.** Шетаме по брегот, на кој се лоцирани нашите омилени **барови** со одлична храна и музика. Овој дел, многумина ги потсетува на **Тулум, Мексико**. Прва работа која ќе ја забележиме е изобилство на kite-сурфери, чии змаеви го прават и така магичното занзибарско небо, уште помагично. Подобро се запознаваме со нашиот "нов дом"

Вечерта излегуваме во некои од локалните клубови. Пазиме колку пиеме бидејќи веќе од следниот ден ни почнува незаборавна авантура, исполнета со многу плажа, пливање и нови искуства!

**Превоз**
Авио билет со сите такси на релација Истанбул - Занзибар (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж.
Трансфер од аеродром до сместувањето

**Сместување**
Jambo Beach Hotel Paje **(1 ноќ)**

**Место**
Истанбул, Паџе (Paje)

**Факултативни излети**
Паџе Village Tour

**Ден 3: Факултативен излет - Разгледување на Stone Town, Bawe Snorkeling и Накупенда**

Претпладне одиме на факултативен излет разгледување на Stone Town и истражување на најинтересните атракции – куќата во која живеел Фреди Меркјури (Freddie Mercury), мали и живи улички и плоштади, Старата тврдина, Палатата на чудата, музеи, локални пазари, звуците, боите и мирисите на Африка! Се чувствуваме како да сме дел од National Geographic документарец, а не на одмор... Името Stone Town на свахили значи: “Стар Град”. Градот се наоѓа на листата за светско културно наследство на УНЕСКО од 2000-тата година. По Stone Town се упатуваме со бродче кон островчето Bawe. Корален остров опкружен со гребени и кристално чистиот Индиски океан. Претставува најпопуларно место за нуркање, со големи живописни корали, како и дом на многубројни шарени рипчиња. Јаготката на шлагот е Накупенда! Песочен насип од околу 2000 метри квадратни песочен рај, опколени со корален гребен и најтиркизниот Индиски океан, без ниедно ресторанче, кафана, или било што друго на нив, како на филм... Далеку сме од масовниот туризам на Европа, далеку од гужви, нема големи бродови и илјадници туристи. Го имаме целиот остров само за нас. Пиеме пиво, слушаме музика и се капеме во најубавата вода што некогаш ја имате видено. Го чекаме зајдисонцето. На враќање, патот ни го осветлува месечината, а ние уживаме во свежиот тропски ветер. Совршен ден на Занзибар! Враќање во сместувањето во Паџе.

**Сместување**
Jambo Beach Hotel Paje **(1 ноќ)**

**Место**
Паџе (Paje)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Занзибар Beach Adventure - пакет излети

**Ден 4: Посета на основно училиште и слободно време за уживање во тропскиот рај.**

Овој ден одиме во посета на основно училиште на Занзибар каде ќе се запознаеме со нивниот образовен систем, ќе имаме шанса да се фотографираме со дечињата, но и да донираме работи кои секако ќе им бидат од огромно значење. Потоа продолжуваме со разгледување на “селцето", па имаме слободно време да се плажираме -- уживање во магијата на тропскиот остров и неговите најубави плажи! Сончање, масажи, овошје и морски плодови. Вечерта излегуваме во некои од beach баровите во Паџе, пиеме по некое Килиманџаро или коктел и уживаме на едно од најживите места на #целсвет!

**Сместување**
Jambo Beach Hotel Paje **(1 ноќ)**

**Место**
Паџе (Paje)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Посета на основно училиште на Занзибар

**Ден 5: Факултативен излет - Blue Lagoon, Ресторан The Rock, Kae Funk**

Релаксирачки ден, создаден за потполно уживање во океанот, коктелите и локалната храна. Започнуваме со пливање во познатата Сина Лагуна (Blue Lagoon) додека се дружиме со најразлични шарени морски риби и морски ѕвезди. Потоа продолжуваме до ресторанот The Rock, кој се наоѓа на Michamwi Pinge плажата. Пристигнуваме во светски познатиот, а воедно и најпознат ресторан на Занзибар. Стара рибарска карпа, која од 2010-тата година претставува неизбежно место на кое доаѓаат сите посетители на Занзибар. Уживаме во локалната кујна, морските плодови и секако, локалното вино, кое се служи овде. Од терасата гледаме во далечината, каде се шири Индискиот океан. Чист хедонизам. По ручекот и фотографирање со карпата, продолжуваме кон еден од многуте занзибарски beach bar-ови, Kae Funk. Уживаме целото попладне во капење и пиење коктели на самиот брег. Со звуците на африканската музика, го дочекуваме зајдисонцето во Донгве (Dongwe), кое е навистина магично на Занзибарскиот брег.

**Сместување**
Jambo Beach Hotel Paje **(1 ноќ)**

**Место**
Паџе (Paje)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Занзибар Beach Adventure - пакет излети

**Ден 6: Факултативен излет - Џунгла со зачини, плажата Мтенде и трансфер до Кендва**

По појадок тргнуваме кон едно од најуникатните места и дефинитивно must-see место на Занзибар -- Мтенде. Попатно, поминуваме низ „авенијата“ на познатите баобабови дрвја. Пристигнуваме до селото Мтенде -- традиционално село на Занзибар, каде се запознаваме со секојдневниот живот на локалци. Гостопримливите локалци не поканувааат на дружба во нивните домови, каде нè учат за нивниот начин на живот -- дали знаете како од влакното на кокос може да направиме јаже? Потоа имаме краток час по готвење -- каде учиме како да направиме некои од највкусните Занзибарски специјалитети. Нашата авантура продолжува до една од најегзотичните плажи на Занзибар -- плажата Мтенде, скриен залив со плажа на која може да се плива за време на плима и осека (во природни базени). Продолжуваме во џунглата со зачини! Занзибар во светот е познат и како островот на зачините. При колонизацијата на овој остров, Арапите, познати трговци и морепловци, носеле различни зачини од различни делови на светот. Климата на Занзибар се покажала како совршена за огромен број од нив, па денес на овој магичен остров се наоѓаат неколку џунгли или градини со зачини. Ние ќе ја посетиме најголемата градина и ќе се запознаеме со многу зачини кои Занзибарците ги користат во своите домаќинства. Ќе видиме како расте и како изгледа мускатниот орев, како се одгледува и користи циметот, ванилата, ѓумбирот, куркумата и бројни други зачини.

Нашата целодневна авантура ја завршуваме со трансфер до Кендва (Kendwa). Едно од најпопуларните туристички места на Занзибар бидејќи се наоѓа на најубавиот брег на овој остров. Слободно време за уживање во Кендва и вечерно излегување во некој од локалните барови и ресторани.

**Сместување**
Jambo Beach Hotel Paje **(1 ноќ)**

**Место**
Паџе (Paje), Кендва (Kendwa)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Занзибар Beach Adventure - пакет излети

**Ден 7: Слободен ден за уживање во тропскиот рај**

Слободен ден за уживање во магијата на тропскиот остров и неговите најубави плажи! Сончање, масажи, овошје и морски плодови. Вечерни излегување во некои од beach баровите.

За оние кои се расположени за авантура, има можност за еднодневен факултативен излет – сафари во националниот парк Mikumi кој се наоѓа на копнениот дел од Танзанија (Tanzania). Mikumi е четврт по големина национален парк во Танзанија (Tanzania). Одалечен е 300 километри од Дар ес Салам (Dar es Salam). Овој национален парк е природно живеалиште на многу жирафи, зебри, слонови, гнуа, леопарди, нилски коњи, хиени, крокодили и лавови.

**Сместување**
Mocco Beach Villas *** или Sunset Kendwa **(1 ноќ)**

**Место**
Кендва (Kendwa)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 8: Факултативен излет – Blue Safari**

Денот ни започнува со нова авантура наречена Blue Safari.На овој факултативен и излет ги посетуваме најубавите плажи на островот и одиме на нуркање. Се возиме со традиционални едрилици кои се карактеристични за овој остров. Посетуваме песочни насипи кои исчезнуваат кога ќе си поиграат плимата и осеката.

**Превоз**
Трансфер од Stone Town до Kendwa

**Сместување**
Mocco Beach Villas *** или Sunset Kendwa **(1 ноќ)**

**Место**
Кендва (Kendwa)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Занзибар Beach Adventure - пакет излети

**Ден 9: Факултативен излет - Mnemba Island Snorkeling и факултативен излет - Massai Village.**

По појадокот, одиме на малиот Занзибарски рај! Тиркизна вода која не може да се спореди со ниедна друга на светот, снежно бел песок и бујна зелена вегетација! Островот Мнемба од неодамна е прогласен за морски резерват, корален атол опкружен со гребени и кристално чистиот Индиски океан. Претставува најпопуларно место за нуркање, со големи живописни корали, како и дом на многубројни подводни желки и делфини. Одиме во авантура на која ќе го истражуваме најинтересниот подводен свет на Занзибар. Потоа продолжуваме на едно уникатно искуство -- посетуваме село на Масаи. Танзанија е земја богата со преку 120 различни племиња, секое племе со свои цели, традиции и карактеристики. Го посетуваме културниот центар на најпознатото племе во Танзанија - Масаи (Maasai) . Учиме за нивната историја, традиции и нивниот специфичен начин на животот. Дознаваме кои се тие, како стануваат воини, што јадат, каква е распределбата на работните задачи во нивните полигамни семејства, и по што го прави нивното племе уникатно. Имаме можност да влеземе во нивните автентични куќи, кои се изградени од кал, дрво и кравји измет. Интересен факт е дека нивните куќи ги градат жените, по стапување во брак. Мажите од племето не учат како рачно да запалиме оган користејќи само дрво, имаме шанса да се облечеме во нивната традиционална облека - шука, а нивните воини ќе не учат да користиме лак и стрела. Нашата посета ја завршуваме со традиционален Масаи танц, на кој можеме да се придружиме и да се чувствуваме како дел од племето!

**Сместување**
Mocco Beach Villas *** или Sunset Kendwa **(1 ноќ)**

**Место**
Кендва (Kendwa)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Занзибар Beach Adventure - пакет излети
Островот Mnemba, пливање со делфини & Maasai Village

**Ден 10: Слободен ден за уживање во тропскиот рај**

Слободно време за уживање во магијата на тропскиот остров и неговата најдобра плажа! Сончање, масажи, овошје и морски плодови. Вечерни излегување во некои од beach баровите.

**Сместување**
Mocco Beach Villas *** или Sunset Kendwa **(1 ноќ)**

**Место**
Кендва (Kendwa)

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 11: Поздравување со нашиот нов омилен остров и пакување**

Се будиме наутро. Појадуваме. **Околку пладне, ги напуштаме собите и куферите ги оставаме на рецепција.** Во зависност од расположливоста на соби во хотелот, добиваме една соба за сите патници, каде ги оставаме куферите и која можеме да ја користиме за пресоблекување/туширање во текот на денот. Исто така, според расположливоста на соби, патниците можат индивидуално да се информираат на рецепција за можноста (со доплата) да се чуваат собите до полноќ. Последниот ден имаме слободно време да се поздравиме со нашиот нов омилен остров. Ја впиваме енергијата на Занзибар, уживаме на некоја од тропските плажи, пиеме уште по некој Килиманџаро или Конаги и докупуваме сувенири за дома... Ова е нашиот последен ден на Занзибар. Вечерен трансфер до аеродром. На Аеродромот во Stone Town пристигнуваме околу 2 часа пред летот.

**Превоз**

Трансфер од сместување до аеродром.
Авиобилет со сите такси на релација Занзибар – Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**

Кендва (Kendwa)

**Храна**

Континентален појадок × 1

**Ден 12: Враќање и крај на патувањето**

Пристигнување во Истанбул, преседнување на лет за Скопје. **Крај на патувањето.**

**Превоз**

Трансфер од сместувањето до аеродром
Авиобилет со сите такси на релација Истанбул - Скопје (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**

Истанбул, Скопје

**Цени и услови**

| Сместување | Сместување |
|---|---|
| **Jambo Beach Hotel / Mocco Beach Villa** | **Jambo Beach Hotel / Sunset Kendwa 4*** |
| **Што е вклучено** | **Што е вклучено** |
| Регуларна цена **1.549,00** EUR | Регуларна цена **1.649,00** EUR |
| **ПРОМО ПОПУСТ!** Попустот важи само за **првите 6 пријави!** **1.399,00** EUR | **ПРОМО ПОПУСТ!** Попустот важи само за **првите 6 пријави!** **1.499,00** EUR |

**Не е вклучено**

- Меѓународно здравствено осигурување (може да се уплати во агенцијата)
- Факултативни излети и влезници за културно-историски споменици
- Виза за Занзибар (на граница - 50 УСД)
- Еко такса за Занзибар која изнесува: 4$ (Jambo Beach Hotel, Mocco Beach Villa, Sunset Kendwa) дневно по лице.
- Задолжително осигурување кое се вади онлајн на https://visitzanzibar.go.tz/ и истото изнесува $44.

Сите уплати се вршат **исклучиво во денарска противредност** по курс од 62 денари за 1 евро и тоа: **при пријавување се плаќаат 200€ (12.400,00 МКД) по лице.** Преостанатиот дел се плаќа **најдоцна 40 дена пред поаѓање.** Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура) и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

Препорачуваме рано пријавување на патници заради ограничениот број на места. При пријавувањето потребно е да се достави скенирана прва страница од патната исправа, која е валидна за датумот на патувањето (има важност минимум 6 месеци по датумот на враќање и има доволно празни страници во текот на патувањето), во спротивно агенцијата не одговара за печатење на авио билетот со погрешни податоци.

**Факултативни излети**

**Паџе Village Tour**

***** ИЗЛЕТОТ Е ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА НА АРАЖМАНОТ *****

Паџе е неверојатно шармантно место, кое важи за туристички центар на источниот брег на Занзибар, кој има еден **посебен шмек.** Шетаме по брегот, на кој се лоцирани нашите омилени **барови** со одлична храна и музика. Овој дел, многумина ги потсетува на **Тулум, Мексико**. Прва работа која ќе ја забележиме е изобилство на kite-сурфери, чии змаеви го прават и така магичното занзибарско небо, уште помагично. Подобро се запознаваме со нашиот "нов дом", а вечерта завршуваме на пијачка во еден од нашите омилени барови на Паџе!

**Занзибар Beach Adventure - пакет излети**

**Цена**: **250,00** USD

**1. Stone Town - City Tour, Bawe Island Snorkeling и Накупенда**

Излет на кој ја дишеме историјата и влегуваме во сржта на Занзибар. Откако Португалците прв пат се закотвиле на брегот на Stone Town, бил и останал центар на сите збиднувања на овој необичен остров. По Португалците, пристигнале Оманците, па Британците и сите тие, па и многу други, оставиле траен печат врз овој град, кој и ден-денес претставува неверојатна мешавина на различни култури од целиот свет со автентична африканска основа. Цел овој раскош и бои, градби и многу различни обележја, нè освојуваат при првата средба со градот кој од 2000-та година се наоѓа на листата на светско културно наследство на УНЕСКО. На излетот поаѓаме во утринските часови. Ја посетуваме Старата тврдина, која се вика и Португалска тврдина, бидејќи нејзините темели ги поставиле Португалците. Потоа била надградена од оманските Арапи и целото тоа време била главен одбрамбен гаризон на островот. Последниве неколку години служи како место за одржување на разни културни манифестации, од кои најважната е ZIFF (Занзибарскиот Меѓународен Филмски Фестивал). Веднаш до тврдината се наоѓа и ја гледаме "Куќата на чудата", која е еден од главните симболи на Занзибар, некогашна церемонијална палата на третиот султан на Занзибар, султанот Бaрагаш, која прв во источна Африка имала струја, водовод и електричен лифт. Ќе имаме прилика да ја видиме и палатата на последниот султан на Занзибар, персиски амами, англиканска црква, изградена на местото на последниот пазар за робови во светот. Ќе го посетиме и Darajani пазарот, каде би можеле од прва рака да почуствуваме како африканскиот хаос совршено функционира. Ќе ја видиме и една од најважните знаменитости – куќата на фронтменот на групата Queen, Фреди Меркјури, која денес е хотел. Ќе шетаме низ тесните улички полни со насмеани деца и ќе се восхитуваме на различните и фамозни занзибарски врати, кои од секогаш биле статусен симбол на сопственикот на домаќинството. Имаме време за шопинг на суверини и уживање во овој интересен Африкански град!

По заводливиот Stone Town се упатуваме со бродче кон островчето Bawe. Корален остров опкружен со гребени и кристално чистиот Индиски океан. Претставува најпопуларно место за нуркање, со големи живописни корали, како и дом на многубројни шарени рипчиња. Одиме во авантура на која ќе го истражуваме најинтересниот подводен свет на Занзибар.

За крај на нашата авантура е Накупенда! Песочен насип од околу 2000 метри квадратни песочен рај, опколени со корален гребен и најтиркизниот Индиски океан, без ниедно ресторанче, кафана, или било што друго на нив, како на филм... Далеку сме од масовниот туризам на Европа, далеку од гужви, нема големи бродови и илјадници туристи. Го имаме целиот остров само за нас. Пиеме пиво, слушаме музика и се капеме во најубавата вода што некогаш ја имате видено Овој ден, постои можност да правиме "скара" на Накупенда и да ручаме морски плодови и највкусен органски "помфрит". Ручекот го договараме со нашиот претставник на дестинацијата. Го чекаме зајдисонцето. На враќање, патот ни го осветлува месечината, а ние уживаме во свежиот тропски ветер. Заборавамe на сите проблеми. Совршен ден на Занзибар!

Вклучено е: локален водич на англиски јазик, организиран превоз по предвидениот план и програма, претставник од агенцијата.

**Вклучено: водич на англиски јазик, организиран превоз по предвидениот план и програма, овошје, вода и "сокчиња" на Накупенда.**

**Цена на факултативниот излет, доколку се пријавите индивидуално (без пакет): 65$**

---

**2. Селото Мтенде, плажата Мтенде и Џунгла со зачини.**

По појадок тргнуваме кон една од најуникатните места и дефинитивно must-see место на Занзибар -- Мтенде. Попатно, поминуваме низ „авенијата" на познатите баобабови дрвја. Пристигнуваме до селото Мтенде -- традиционално село на Занзибар, каде се запознаваме со секојдневниот живот на локалци. Гостопримливите локалци не поканууваат на дружба во нивните домови, каде нè учат за нивниот начин на живот -- дали знаете како од влакното на кокос може да направиме јаже? Потоа имаме краток час по готвење -- каде учиме како да направиме некои од највкусните Занзибарски специјалитети. Нашата авантура продолжува до една од најегзотичните плажи на Занзибар -- плажата Мтенде, скриен залив со плажа на која може да се плива за време на плима и осека (во природни базени). А на оваа плажа се наоѓа и ресторанот Usumba Rock -- уникатен ресторан изграден од дрво на самата карпа. За време на плима овој ресторан е целосно опколен од океанот и можеме да стигнеме само преку мост од врвот на карпата, а за време на осека можеме и од самата плажа. Нашата следна авантура е **џунглата со зачини.** Занзибар во светот е познат и како островот на зачините. При колонизацијата на овој остров, Арапите, познати трговци и морепловци, носеле различни зачини од различни делови на светот. Климата на Занзибар се покажала како совршена за огромен број од нив, па денес на овој магичен остров се наоѓаат неколку џунгли или градини со зачини. Ние ќе ја посетиме најголемата градина и ќе се запознаеме со многу зачини кои Занзибарците ги користат во своите домаќинства. Ќе видиме како расте и како изгледа мускатниот орев, како се одгледува и користи циметот, ванилата, ѓумбирот, куркумата и бројни други зачини. Ќе ја помирисаме главната состојка на Chanel no. 5 парфемот и ќе ја видиме Занзибарската верзија. Ќе дознаеме која е разликата између црниот, белиот и црвениот бибер и ќе видиме како расте кафе на Занзибар. Дегустираме различни тропски овошја, а ќе видиме и како локалците берат кокос на неверојатно високите палми. Гледаме како растат каранфилчиња и зошто се толку важни за Занзибар.

**Цена на факултативниот излет, доколку се пријавите индивидуално (без пакет): 75$**

---

**3. Blue сафари**

Зборот сафари на свахили значи патување, а во останатиот дел од светот е збор кој симболизира патување за кое вреди да се живее. На излетот**Blue safari одиме на авантура низ бескрајното синило на Занзибарските плажи и спрудови, познати по кристално белиот и ситен песок.** Над нас е синото небо, а околу нас индискиот океан со целата своја величенственост. Пловиме со традиционалните "dhow" чамци со кои Занзибарците пловат веќе стотици години и уживаме во бистрата тиркизна вода, тропското сонце, егзотичното овошје и магичните мали островчиња од Занзибарскиот архипелаг. Од Паџе се упатуваме кон полуостровот Фумба, каде што нè чекаат **нашиот чамец, капетан и опрема за снорклинг.**Се качуваме на чамците и поаѓаме. По кратко време сите го наоѓаме нашиот зен на чамците и потонуваме во мир и тивкиот хедонизам на "хакуна матата" животот. Набрзо пристигнуваме до песочен насип, кој за време на плимата, станува пуст остров, од сите страни опкружен со вода, идеален за сончање и пливање во нереално сината вода која сите нас нè мами. Нашите насмеани локалци, кои не придружуваат на ова патување, нè послужуваат со тропско овошје како освежување и подготовка за ручекот кој нè очекува. По капењето и уживањето на оваа плажа, се враќаме во нашиот чамец и се упатуваме кон отворено море, каде што го истражуваме подводниот свет на Занзибар. Време е за снорклинг! Разнобојни тропски рипчиња (како Немо) и корали, го прават овој дел од нашиот излет посебен. По снорклингот, се возиме со чамецот до најголемиот остров кој ќе го посетиме овој ден – Kwale. Островот е дом на едно од најнеобичните и најстарите баобаб стебла на Занзибар. На островот Kwale уживаме во локален ручек кој се состои од разновидни морски плодови, ориз и помфрит. По ручекот, посетуваме две лагуни. Првата се наоѓа на другата страна на островот Kwale, а втората, на околу 20 минути одалеченост од овој остров. Во прашање е отворена лагуна со мала плажа, која е воглавно напуштена – како од рајот. Тука уште малку уживаме на плажа, се сончаме и правиме незаборавни

фотографии, по што се враќаме на местото на поаѓање. Овој пат патуваме низ ветерот и ги отвораме нашите едра! Патуваме како што морнарите патувале со векови – само со помош на ветерот, дрвата и платната. Сега, кога сè што се слуша е водата под налетот на нашиот чамец и местимичното затегање на јажињата, дозволуваме новонастанатиот мир да нè хипнотизира и тивко испрати до нашето пристаниште, каде што нашата авантура завршува.

**Вклучено е: превоз до местото на поаѓање на излетот и назад, возење со чамец, опрема за снорклинг (маска со цевка и пераи), дегустација на овошје, ручек и безалкохолни пијалоци (вода и газирани сокови), услуги од локален водич и нашиот претставник од агенцијата.**

**Цена на факултативниот излет, доколку се пријавите индивидуално (без пакет): 65$**

---

**4. Blue Lagoon, Ресторан The Rock, Kae Funk**

Релаксирачки ден, создаден за потполно уживање во океанот, коктелите и локалната храна. Одиме на авантура каде пливаме во познатата **Сина Лагуна (Blue Lagoon) додека се дружиме со најразлчни шарени морски риби и морски ѕвезди.** Потоа одиме до ресторанот **The Rock** каде имаме доволно време да се сликаме, па продолжуваме до “најлабавиот“ и интересниот дел од целиот излет - **Kae Funk.** Beach Bar во кој според многу луѓе ја има највкусната храна на Занзибар, најдобрата музика и неверојатно вкусни коктели. Има огромни лежалки, места за чил и опуштање. Некаде пред зајдисонце, на самата плажа се пали оган, а во beach bar-от почнува програма, која во овој момент нема да Ви ја откриеме ;)

**Вклучено: водич на англиски јазик, сите влезници и организиран превоз по предвидениот план и програма.**

**Цена на факултативниот излет, доколку се пријавите индивидуално (без пакет): 60$**

---

**ЦЕНА НА СИТЕ ИЗЛЕТИ ЗАЕДНО ВО ПАКЕТ: 250$**

**Посета на основно училиште на Занзибар**

***** ИЗЛЕТ ВКЛУЧЕН ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ *****

Овој ден одиме во посета на основно училиште на Занзибар каде ќе се запознаеме со нивниот образовен систем, ќе имаме шанса да се фотографираме со дечињата, но и да донираме работи кои секако ќе им бидат од огромно значење. Искуство кое никогаш нема да го заборавите!

**Островот Mnemba, пливање со делфини & Maasai Village**

**Цена**: **60,00** USD

***** ИЗЛЕТОТ Е БЕСПЛАТЕН ЗА СИТЕ ПАТНИЦИ КОИ ЌЕ УПЛАТАТ ПАКЕТ ИЗЛЕТИ*****

Добредојдовте на малиот Занзибарски рај! Тиркизна вода која не може да се спореди со ниедна друга на светот, снежно бел песок и бујна зелена вегетација! Островот Мнемба од неодамна е прогласен за морски резерват, корален атол опкружен со гребени и кристално чистиот Индиски океан. Претставува најпопуларно место за нуркање, со големи живописни корали, како и дом на многубројни подводни желки и делфини. Главната цел на овој излет е пливањето со делфини, кое никогаш нема да го заборавиме. Продолжуваме кон Танзанија е земја богата со преку 120 различни племиња, секое племе со свои цели, традиции и карактеристики. Го посетуваме културниот центар на најпознатото племе во Танзанија - Масаи (Maasai). Учиме за нивната историја, традиции и нивниот специфичен начин на животот. Дознаваме кои се тие, како стануваат воини, што јадат, каква е распределбата на работните задачи во нивните полигамни семејства, и по што го прави нивното племе уникатно. Имаме можност да влеземе во нивните автентични куќи, кои се изградени од кал, дрво и кравји измет. Интересен факт е дека нивните куќи ги градат жените, по стапување во брак. Мажите од племето не учат како рачно да запалиме оган користејќи само дрво, имаме шанса да се облечеме во нивната традиционална облека - шука, а нивните воини ќе не учат да користиме лак и стрела. Нашата посета ја завршуваме со традиционален Масаи танц, на кој можеме да се придружиме и да се чувствуваме како дел од племето!

**Сместување**

**Jambo Beach Hotel Paje** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Jambo Beach Hotel Pajei е сместувачки објект со 3* (по локална категоризација) во Паџе, Занзибар. Се наоѓа во прв ред на самата плажата во Паџе и е централно лоциран до сите најдобри барови и ресторани. Хотелот располага со сопствен infinity-базен со поглед над индискиот океан, лежалки, градина, ресторан, pool бар и спа. Хотелот располага со двокреветни соби со сопствен тоалет. Секоја соба има клима уред, TV и телефон. Хотелот располага со базен, ресторан и летна тераса.

**Сајт**
https://jambobeachhotelpaje.tz-zanzibar.com/en/

**Адреса**
Paje street
Paje
Tanzania

**Mocco Beach Villas**
***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Одличната локација на Mocco Beach Villa и познатата релаксирана атмосфера го прават идеално место за одмор. Без разлика дали ќе уживате на плажа или ќе нурнете во длабочините на Индискиот Океан, Mocco Beach Villa претставува неописливо бегство од островот. Mocco Beach Villa има приватен дел на плажа, а објекти за спортови на вода и изнајмување велосипеди се достапни на лице место. Вилата располага со двокреветни или трокреветни соби. Секоја соба има сопствен тоалет. Услугата е на база ноќевање со појадок.

**Сајт**
https://moccobeachvilla.co.tz/

**Адреса**
67WQ+259
Kendwa
Tanzania

**Sunset Kendwa** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Sunset Kendwa 4* по локална категоризација е хотел со кој соработуваме преку 10 години и од кој не сме имале незадоволен патник. Вредноста која ја добивате тука е огромна! Sunset Kendwa е лоциран на најубавиот дел од најубавата плажа на Занзибар - Kendwa. Плимата и осеката во овој дел на Занзибар скоро и да не се изразени, па можеме да уживаме во белиот песок и тиркизно синиот океан преку целиот ден! Сите гости имаат на располагање и приватни лежалки. Во склоп на хотелот има бар, ресторан и базен, на самата плажа. Собите се двокреветни или трокреветни со приватен тоалет, клима уред, сеф, фрижидерче, балкон, фен за коса и бесплатен Wi-Fi интернет.

**Сајт**
https://www.sunsetkendwa.com/

**Адреса**
Kendwa Beach
3546 Kendwa
Zanzibar Tanzania

**Превоз**

**Места**

**Скопје**

Скопје е главен и најголем град на Република Северна Македонија.

**Истанбул**

Истанбул е најголемиот град во Турција, кој се наоѓа долж течението на Босфорскиот теснец кој ја поврзува обалата на Мраморното со Црното Море. Овој огромен град, единствен на светот изграден на два континента (Европа и Азија), има површина од речиси 6.000 км2 и брои над 15 милиони жители според официјални мерења, односно 20 милиони неофицијално. Денес тој е најзначајниот турски град. Брои преку 20 универзитети, многу библиотеки, културни центри, неизмерно богатство од културно-историски споменици. Иако не е главен град на државата, Истанбул е големо економско и културно седиште на Турција, како и најатрактивниот и најпосетен туристички центар.

**Паџе (Paje)**

Паџе (Paje) е местенце кое се  наоѓа на југоистокот на Занзибар, сместено на источниот брег између местата Беџу и Јамбиани.

**Кендва (Kendwa)**

Кендва е туристичко место на северот на Занзибар, околу 3 км јужно од Нунгви. Кендва е позната по најубавата плажа на Занзибар со бел прашкаст песок, палми и нереално тиркизна вода, каде плимата и осеката воопшто не се изразени, па преку цен ден можеме да уживаме и да се бањаме во ова парче рај.

**Корисни информации**

**Танзанија**

**1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ:**

**Танзанија**

Главен град: Додома

Површина: 945.087 km²

Број на жители: 36.481.000 (2005)

Население: 99% од народот е од африканско потекло од преку 130 племиња

Јазик: свахили и англиски

Вероисповед: 30-40% христијани, 30-40% муслимани, остатоци од припадници на традиционалната религија.

Локално време: UTC + 3

Основана: 26. април 1964.

Независност: Танганика 1961, Занзибар 1963.

Валута: танзаниски шилинг

***Занзибар**

Најголем град: Stone Town

Број на жители: околу 800.000

Вероисповед: 99% муслиманско население

**2. ВИЗИ:**

За влез на територијата на Танзанија (на која припаѓа и островот Занзибар) на државјаните на Република Северна Македонија им е потребна виза. Визата се добива на влез во земјата (на аеродром) и чини 50 долари. Не е потребно поднесување на документација, туку само пополнување на формулар и да понесете фотографија на бела позадина со димензија 3,5 x 4,5. Визата се издава со рок на важење од 3 месеци. Кога се преоѓа на Занзибар (во турата Танзанија и Занзибар), на пристаништето со поминува на пасошка контрола и се добива виза за Занзибар, без доплата. Сé од наведеното важи за државјаните на Република Северна Македонија и регионот но е неопходно да се провери визниот режим за Танзанија во матичната амбасада.

На територијата на Танзанија не постои амбасада на Република Северна Македонија, туку е одговорна амбасадата во Адис Абеба (Етиопија).

Со себе понесете и фотокопија од пасошот (за секој случај)

Може да се случи наместо со кеш, да ви побараат да платите со платежна картичка (ова почесто се случува ако патувате директно на Занзибар).

**3. ВРЕМЕНСКА ЗОНА** е UTC+3, односно во текот на зимското сметање на времето разликата помеѓу С. Македонија и Танзанија е 2ч, а во текот на летното сметање на времето е 1ч, затоа што Танзанија не преминува на летно сметање на времето.

**4. ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА:**

**Водата** не е за пиење, се користи исклучиво вода од шише и се избегнува лед. Водата од шише се користи и за миење на забите.

Ниту една вакцина не е неопходна за влез во Танзанија.

Што се однесува до **лековите** против маларија, не е неопходно да ги конзумирате, но за тоа консултирајте се со вашиот лекар. Важно е да знаете дека лековите не штитат 100% од маларија и може да имаат несакани дејства.

Од лекови со себе понесете лекови за редовна терапија доколку примате, пробиотик, лекови за снижување на телесна температура, лек против болки, односно лекови кои генерално ги носите со вас на секое патување. Задолжително понесете си крема за сончање и Аутан.

Препорачуваме да поседувате **здравствено осигурување.** Здравственото осигурување можете да го уплатите до 5 дена пред патувањето. За цена за осигурувањето обратете се во агенцијата.

**5. БЕЗБЕДНОСТ:**

Танзанија и Занзибар се безбедни дестинации, но доколку се придржувате до одредени **правила.** Не се препорачува движење навечер, затоа што пред сé се работи за сиромашни и неразвиени подрачја. Исто така не е препорачливо да се шетате со скапоцен накит.

Избегнувајте опојни средства, сите опијати се забранети и нелегални.

Не се препорачува самостална обиколка на Дар Ес Салам.

Водете сметка кога се фотографирате, доколку сакате некого да фотографирате, морате да побарате дозвола за тоа.

***Почнувајќи од 01.06.2019. сите патници за Танзанија не смеат со себе да имаат пластични кеси, затоа што од таа дата се применуваат високи парични казни за кршење на ова правило. Користење, производство или внесување на пластични кеси е нелегално. Сите посетители се советуваат да избегнуваат пакување во било какви пластични кеси , како во чекираниот, така и во рачниот багаж. Производите кои се купени на аеродром и се спакувани во пластични кеси, мора да се отстранат пред влегување во авион. Исто така, сите “зип кеси“ кои ги користат патниците за пакување на течности, не смеат да се внесат во Танзанија, и доколку патниците ги користеле во текот на летот, мора да останат во авионот. Ги молиме сите патници да избегнуваат пакување или носење било каква врста на пластични кеси на оваа дестинација.**

**6. КЛИМА**

Климата во Танзанија и на Занзибар се одликува со релативно висока температура (пресечна максимална дневна температура е околу 28-33C, а ноќна околу 15-20C), влажноста на воздухот е висока, а сонцето е исклучително јако затоа што се работи за подрачје околу екваторот. Температурата може и да падне, така што со себе задолжително понесете и гардероба со долги ракави и долги панталони. Дождовниот период трае од март до јуни, но дожд може да се појави и во кое било доба од годината.

Плима и осека - На Занзибар плимата и осеката се исклучително изразени. Кога е осека капењето е невозможно, а кога е плима (2 пати во денот) уживаме во капењето. Водата често е многу топла.

**7. ХРАНА:**

Традиционалната **исхрана** опфаќа пилешко, говедско (во вид на скара или гулаш), ориз, овошје и зеленчук, а на Занзибар и морски плодови и риба.

Улична храна не се препорачува (пред се ова не е подрачје со традиционална улична храна)

Овошјето измијте го со флаширана вода или излупете го.

**8. ОБЛЕКА:**

Од облека понесете летна, лесна гардероба, но задолжително понесете со себе и нешто со долги ракави и ногавици пред се поради авионот но можно е и температурата да падне, пред се навечер и на Занзибар.

Долги ракави и панталони се препорачуваат и како заштита од комарци.

За излет на водопадите Материни понесете удобна облека за тракинг низ џунглата, кабаница, панталони и костим за капење.

За сафари потребна е облека со мирни бои (избегнувајте темна боја, црна, темно сина, но и флуоресцентни бои) долги ногавици и ракави затоа што температурата може да падне и под 15C во националните паркови, шешир, качкет, очила за сонце и марама со која можете да го спречите вдишувањето на прашина.

На Занзибар Ви е потребна летна гардероба и облека за плажа, но и нешто подолго (поради комарците, одење на излети во село, и обиколка на Stone Town каде морате пристојно да се облечете, затоа што се работи за место каде мнозинското население е со исламска вероисповед. За излет во шумата Јозани пожелно е да имате затворена облека или нешто постаро поради теренот по кој се движиме. За излетот на Blue safari пожелно е да имате нешто во што можете да одите низ вода (поради острите корали, алги и ежови).

**9. ПАРИ:**

**Валутата** која е во оптег е Танзаниски шилинг TZS.

1eur = 2320 TZS, 1$ = 2180 TZS.

Препорака е со себе да носите американски долари но исклучиво испечатени од 2006та година па наваму.

Банкомати постојат но не се лесно достапни. Платежни картички не може секогаш да се користат. Консултирајте се со Вашиот банкар и задолжително пријавете заминување во странство, за да не ви ги блокираат платежните картички.

Во некои случаи можете да плаќате и во долари, но спремете ситни пари и еден долар ке Ви се смета околу 2000 TZS.

На пазарите, продавниците за сувенири и кај уличните продавачи секогаш ценкајте се, затоа што тоа е обичај.

Покрај ценкањето, речиси секогаш е обичај на сите да им оставате бакшиш.

**10. СТРУЈА, ИНТЕРНЕТ И КОМУНИКАЦИЈА:**

Нашите мрежи во повеќето случаи работат на територијата на Танзанија, односно во поголемите градови. На Занзибар постои можност воопшто да немате мрежа.

Сите сместувања се опремени со wi-fi.

Што се однесува до електручната енергија, напонот е ист како и кај нас, но потребни Ви се адаптери за шуко утикач. Влезот е како кај утикачите во Велика Британија (со три влеза).

**Адаптери** на самата дестинација не може да набавите.

**11. СУВЕНИРИ:**

За почеток мораме да напоменеме дека е забрането изнесување на школки, корали и минерали и други предмети од природата.

Од сувенири препорачуваме: прочуените слики со техниката Tingatinga, традиционална облека и материјали, предмети и скулптури од дрво, кафе од Килиманџаро, традиционална музика, накит, предмети поврзани со културата, зачини од Занзибар...

**12. ДРУГИ НАПОМЕНИ:**

На Занзибар водете сметка за ежовите, медузите и кокосовите ореви.

Доколку сакате да изнајмите возило или мотор на Занзибар потребна ви е меѓународна возачка дозвола но и дозвола која морате да ја извадите на Занзибар, во надлежна полициска станица, или во Stone Town ако сакате да возите по целиот остров.

На турата во Танзанија и Занзибар постои целодневно возење од Моши до Дар Ес Салам, кое трае околу 10 часа (зависно од метежот, може да трае и до 12 чаца). Се возиме со локални автобуси.

**Занзибар**

**ВИЗА**
Визата се добива на аеродромот во Танзанија, откако ќе слетате. За визата за Танзанија потребно е да понесете две фотографии 3,5 x 4,5 на бела позадина и по 50$ (банкноти понови од 2009 година). Визата може да ја платите и со картичка, за што може да Ви пресметаат провизија. Поради тоа, сугерираме визата да ја платите во кеш, во Американски долари. Што се однесува на фотографиите, некогаш ги бараат- некогаш не, но подобро е да носите со себе за секој случај. Пасошот мора да важи најмалку 6 месеци по враќање од патувањето и да содржи најмалку две празни страници, слободни за нови печати.

**ЛЕКОВИ, ВАКЦИНИ И ЗДРАВЈЕ**
За Занзибар не е задолжителна никаква вакцина. Вакцина против жолта грозница не е задолжителна, ниту на Занзибар има опасност од "заболување" со жолта треска. Што се однесува до маларија, Занзибар, според Светска Здравствена Организација има статус на "pre-elimination" зона, што значи инциденца помала од 1 на 1000 луѓе. За маларија не постои вакцина, но постојат апчиња. Со оглед на тоа што 99.9% нема ризик од заболување со маларија, најголем број од нашите патници не решаваат да ги пијат овие апчиња поради нивните нуспојави. Секако сите овие податоци препорачуваме да ги проверите со Институтот за Јавно Здравје во Македонија.

Препорачуваме на пат да понесете пробиотици, лекови за настинка и температура (пр. Фервекс, Риностоп) како и лекови за болка (пр. Бруфен, Кафетин) и доколку примате редовна терапија - лековите кои Ви се препишани. Исто така понесете и Аутан или некое слично средство против комарци.

**ТЕМПЕРАТУРА (КЛИМА), ОБЛЕКА И ПАКУВАЊЕ**
На Занзибар температурите се високи во текот на целата година, но временските прилики се менуваат во зависност од периодот од годината. Потребно е да понесете летна и лесна облека, но задолжително земете нешто со долги ракави пред сѐ заради авионите но и заради можноста да падне температурата, особено навечер. Дневната температура се движи помеѓу 28-30 степени целзиусови, додека навечер може да падне до 20-24 степени.

Долги ракави и панталони се препорачуваат и како заштита од комарци при посета на селата, но и заради разгледување на Stone Town каде е потребно да бидете пристојно облечени, со оглед на тоа што поголемиот дел од населението е со исламска вероисповест. Советуваме да бидете спремни за високи температури и да носите крема со заштитен фактор, шешири и марами за заштита со сончевите зраци. Понесете пешкири за на плажа и по еден за туширање. Во сместувањето има, но советуваме да имате и еден свој за туширање.

На излетите погодно би било да носите затворени и удобни обувки заради пределот по кој пешачиме.

* Сафари – За сафари е потребно да носите облека со суптилни бои (избегнувајте темни бои како црна, темно сина но и флуросцентни, живи бои), долги ракави и панталони заради температурата која може да падне и под 15 степени целзиусови во националните паркови, шешири, капи, наочари за сонце и марама со која може да го спречите вдишување на прашина.
** Постои можност за посета на основно училиште на Занзибар, така што доколку имате желба и можност можете за дечињата да припремите и да носите боички, пенкалца, тетратки или нешто од школски материјали.
*** Треба да се води сметка доколку се патува на Занзибар за време на Рамазан, дека е неопходно пристојно облекување, што подразбира покриени нозе и рамења (долги ракави), особено кога се оди во обиколка на поголемите места како што е Stone Town.

**БЕЗБЕДНОСТ**
Градовите и местата кои си посетуваме за време на патувањето се безбедни, но секако советуваме да внимавате на своите лични работи, документи и пари (како и на патување во било кој европски или некој друг град). Занзибар е безбедно место во текот на денот и ноќта, посебно на туристичките места. Навечер, препорачливо е да се шетате со групата, односно да се држите само до осветлените делови каде се движат туристите. Локалците се особено пријателски настроени кон туристите и сакаат да се дружат и да се запознаваат. Поголемиот дел од локалците се подготвени да Ви помогнат околу секоја ситуација, без притоа да бараат нешто за возврат.

Уличните продавачи често може да бидат напорни со желба да продадат сувенири. Во состојба се неуморно да ги следат туристите со цел да продадат нешто, што за некого може да биде непријатно. На Занзибар постои Масаи малцинство кое држи до себе и до својата традиција и најчесто работат како обезбедување во хотели и продавници за сувенири. Локалците заклучиле дека на туристите им е интересно кога ќе видат Масаи, па често така "маскирани" продаваат нелегални супстанци. Секоја употреба на опојни супстанци е забранета со закон и потребно е да избегнувате такви понуди.

Водете сметка кога фотографирате некој, задолжително е однапред да прашате и да добиете дозвола.

На Занзибар водете сметка за ежови, медузи (доколку ги има) и кокосовите ореви кога шетате под палми, кои можат "ненајавено" да Ви паднат на глава...

**ПРЕВОЗ**
На Занзибар, доколку имате потреба, можете да се движите или со такси, или со бода-бода. Цената за такси, најдобро би било да ја договорите однапред. Таксињата на Занзибар имаат црвени таблички и истите лесно ќе ги препознаете. Генерално, таксистите возат поголеми Тојоти, кои собираат до 6 патници. Бода-бода, на Занзибар, се мотори кои ги возат локалци и кои може да ве пренесат од Точка А до точка Б. Лесно се приметуваат на улица. Доколку не сте сигурни, може да прашате "бода-бода"? Ова е најефтиниот начин за превоз, но максимум може еден човек да се вози на еден мотор, па таксито секогаш е покомфорна и ефтина опција доколку сте повеќе лица кои треба да користите превоз. Секако, за сите овие работи, можете да продискутирате со нашиот претставник на лице место.

**ПЛИМА И ОСЕКА**

***СЕВЕРЕН ЗАНЗИБАР*** **(НУНГВИ И КЕНДВА *** МЕСТАТА КАДЕ СЕ СМЕСТУВАМЕ НИЕ НА НАШИТЕ ПАТУВАЊА ОД СКОПЈЕ **)**
На Северот на Занзибар плимата и осеката не е изразена, па може слободно да уживаме во Индискиот Океан преку цел ден. Ова се местата каде генерално движат нашите групи!

*** ИСТОЧЕН ЗАНЗИБАР (PAJE, JAMBIANI, MICHAMWI, MATEMWE, BWEJUU, KAE FUNK)**
Бидете подготвени да се навикнете на големите разлики помеѓу плимата и осеката на целиот остров (особено на југот и на истокот) и тоа е така во текот на целата година. На секои 6 часа доаѓа до промена на „low tide“ и „high tide“ и треба да знаете дека кога морето ќе се повлече, за жал тогаш нема можност за пливање. Секако, ова време може да го искористите за уживање во хотел или на некои од излетите кои ќе Ви овозможат да ја запознаете дестинацијата од некој друг, поблизок агол.

**ХРАНА И ВОДА**
Исклучително важно е да пиете само флаширана вода, со нејзе да миете заби и да избегнувате мраз во пијалоците. Кога ќе јадете овошје и зеленчук измијте го со флаширана вода и излупете го. Храната на Занзибар е базирана на ориз, зачини како што е кари, мускатно оревче во комбинација со месо, или риба, јастози, октопод. Цените на оброците на Занзибар варираат, но просечна цена на оброк во ресторан на Занзибар е 5-20$, пиво и сокови околу 3-4$, коктели од 5-10$.

Заклучокот на нашите патници (и наш лично) е дека на Занзибар има прекрасна храна, дали традиционална, морска или интернационална. На Занзибар можете да јадете превкусен и ефтин јастог, морски плодови, риба, но и бургери и пица. Храната во рестораните каде одат туристи е 100% безбедна и превкусна. Не препорачуваме да јадете улична храна (street food) без при тоа да се консултирате со нашиот претставник на дестинацијата. Во Stone Town, посебно во Фородани пазарот, има места каде можете да пробате безбедна и вкусна улична храна (пр. Занзибарска пица или палачинки). За истото, најдобро би било да се консултирате со нашиот претставник на дестинацијата.

**ТЕЛЕФОН И КОМУНИКАЦИЈА**
Некои од нашите мрежи, се случува да не функционираат во Танзанија и на Занзибар, па затоа препорачуваме да купите локална картичка за секој случај. Интернетот е достапен на рецепција и во рестораните на хотелите. Локален број може да се купи во импровизираните трафики кои се наоѓаат на главната улица Kenyatta во Stone Town или во продавниците со опрема за мобилни телефони. Таму обично се продаваат сим картички (Zantel, Tigo…) Сите картички функционираат така што се активираат пакети по пат на смс порака и во зависност од уплатените средства се добиваат одреден број гигабајти и одреден број минути и смс пораки (меѓународни или локални). Картичка со 10 GB интернет чини околу 10-15$.

**СТРУЈА**
Потребно е да понесете адаптер за струја – влез како за Велика Британија (штекерите се со 3 сплоснати влезови). Адаптери **не може** да се купат на самата дестинација.

**ПАРИ, ПЛАЌАЊЕ И ТРОШОЦИ**
Официјалната и основна валута во Танзанија и Занзибар е Танзаниски шилинг. Односот на валутата е следен:
1 EUR = 2.652 TZS
1 USD = 2.300 TZS
* Ова е курсот во моментот на објавување на овој текст. Истиот можете да го проверите на google.com пред патување.

Парите може да ги замените во шилинзи или да плаќате во долари, **важно е банкнотите да бидат од 2009 година или понови.** Советуваме кога ќе слетате на аеродром да замените мал износ во локална валута (30-50$). Постојат банкомати, но не се лесно достапни. Картички може да се користат во ретки случаи, и обично за плаќање со картичка има дополнителна провизија од 2-5%. Исконтактирајте ја Вашата банка и пријавете дека патувате во странство, како не би Ви ги блокирале картичките.

Во повеќето менувачници на Занзибар даваат повисок курс за поголеми банкноти (50 и 100 долари), а понизок курс за помали банкноти (1, 5, 10 и 20 долари).

Сите излети на Занзибар чинат 160-250$ (без сафари).

На Занзибар планирајте да трошите најмалку 20$ на ден, а за комфорен престој (без да се стискате), планирајте да трошите помеѓу 30 и 50$ на ден, по лице, за сите оброци, сувенири, излегувања навечер, пиење на плажа итн.

**СУВЕНИРИ**
Од сувенири препорачуваме: прочуените слики со техниката Tingatinga, традиционална облека и материјали, предмети и скулптури од дрво, кафе од Килиманџаро, традиционална музика, накит, предмети поврзани со културата, зачини од Занзибар. За купување на сувенири на Занзибар, потребно е (и од Вас се очекува) да се ценкате...

**ВРЕМЕНСКА ЗОНА**
UTC+3, односно во текот на зимското сметање на времето разликата помеѓу С. Македонија и Танзанија е 2ч, а во текот на летното сметање на времето е 1ч, затоа што Танзанија не преминува на летно сметање на времето.

**Важни напомени**

**Напомени:**

**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ со лиценца УП 113-289 ОД 17.07.2024 година.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.

- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/неа, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува “саатницата” одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.
- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с treба да биде авантура и добра забава).
- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците кои што патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други

објективни околности.

- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не поседуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.